
АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ ЗА ТОП100 ПОМЕЃУ 2009 – 2024-ТА ГОДИНА

Анализата е изработена Сергеј Зафироски – Генерален Менаџер на агенцијата за истражување и консалтинг Инсајдер ИД. За дополнителни информации во однос на податоците, услугите и анализата контактирајте на +389 71 210 471 или info@insider.mk.

ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКИТЕ ОСТВАРУВАЊА НА ТОП100 КОМПАНИИ ВО ПЕРИОД 2009 – 2024 ГОДИНА


Претходната деценија е обележани со големи турбуленции и глобална економска неизвесност. Здравствена криза, финансиска криза, инфлација, вооружени конфликти, прекини во синџирите на снабдување и локални политичко економски предизвици кои директно влијаат на работењето на компаниите. Од друга страна и е обележана со голем технолошки напредок, кој значително го унапреди работењето на компаниите во глобални рамки. Македонската економија во истиот период се соочи со неколку турбуленции кои директно влијаеа на резултатот, што е видливо и од растот на БДП кој е помеѓу -4.7% (2020) и 4.5% (2021). При такво окружување, остварување на раст и развој е значителен предизвик, кој, како што е анализирано во продолжение, ТОП100 членките на Стопанска Комора на Северозападна Македонија постигнуваат високо позитивен резултат.



Напомена: расходот е пресметан како разлика помеѓу вкупниот приход и нето-добивката, а не директно изведен од финансиските извештаи. Во него се вклучени сите оперативни, финансиски трошоци и даноци.

Податоците за периодот 2009–2024 ја потврдуваат долгорочната траекторија на континуиран раст кај ТОП100 компаниите. Приходите достигнуваат 1,74 милијарди евра во 2024, што претставува највисоко ниво во анализираниот период и бележи кумулативен раст од 493% помеѓу 2009 и 2024-та година. Просечната стапка на раст на приходот (CAGR) е 22% што е исто така високо позитивна. Расходите исто така растат, но со задржана разлика во корист на профитабилноста. која во 2024 изнесува 135 милиони евра нето добивка. Нето-профитната маржа се движи во релативно тесен опсег од 6–8% во последната деценија, со повторно достигнување на историскиот максимум од 7.9% во 2024, исто како и во 2020, со годишна стапка на раст од (CAGR) од 19% и кумулативен раст од 590% (помеѓу 2024 и 2009-та година). Ова укажува дека компаниите успеале да ги апсорбираат ценовните, енергетските и шоковите во синџирите на снабдување и да ја задржат профитабилноста на исто ниво како во годината на пандемија, кога адаптацијата беше најсилно изразена.

Во споредба со претходните години, 2023 е година на стагнација, со нето добивка околу 100 милиони евра и маржа од 7%. Но, во 2024 се гледа јасно враќање кон раст и тоа и во апсолутна добивка и во маржата. Ова ја потврдува способноста на компаниите не само да стабилизираат, туку и да ја зголемат ефикасноста. Тоа што е од интерес е дека и покрај значителното зголемување на приходот и профитот во апсолутни вредности, нето-профитната маржа останува во релативно стабилни рамки помеѓу 7% - 8% во последната декада.




Движењето на растот на приходот и профитот од 2009 до 2024 покажува јасни фази на подеми и паѓања, што е очекувано имајќи ги во предвид предизвиците со кои компаниите се соочија во последните 15 години. Тоа што е позитивно е дека ТОП100 компаниите поголем дел од годините во анализираниот период бележат поголем раст на приходот и профитот од годишниот раст на БДП, што укажува на натпросечни перформанси.

Почетниот период (2009–2011) носи силен раст и кај приходот и кај профитот, со стапки над 13%, што создава впечаток на стабилна експанзија. Веднаш потоа, во 2012–2014, се гледа пад – приходот влегува во негативна зона од −3.0% до −1.8%, а профитот останува едвај позитивен. Овој дел од кривата е обележан со стагнација и неизвесност. Од 2015 наваму до 2020-та година е обележан период со повторен раст. Најсилен сигнал дава 2016 година, кога профитот расте за речиси 37%, а приходот исто така бележи двоцифрен раст. Во 2018 и 2019 двата индикатора повторно бележат силен раст, што го потврдува вториот период на експанзија. Кризата предизвикана од КОВИД-19 помеѓу 2020–2021 носи поскромни движења. Иако профитот има скок од 21.9% во 2021, приходот расте со помал интензитет и тоа укажува на нерамномерност. Потоа, во 2022 и 2023, линиите покажуваат јасно забавување – приходот дури паѓа за −0.7%, а профитот се задржува на ниски 3.1%. Ова е знак на застој и воздржаност кај компаниите. Во 2024, пак, ситуацијата драматично се менува. Приходот расте за над 21%, а профитот уште повеќе – 35.8%. Ова е највисокиот скок на профитот по 2016 и означува силно враќање во зона на експанзија.

ПРИХОД, РАСХОД И НЕТО-ПРОФИТ ПО КОМПАНИЈА

Просечните вредности по компанија го следат и општиот тренд кај ТОП100-те компании, но информацијата овозможува да се дефинира со колку средства реално располагаат компаниите, особено профит, бидејќи истите го претставуваат идниот потенцијал за инвестиции раст и развој.



Просечните резултати по компанија од 2009 до 2024 ја отсликуваат постепената и долгорочна експанзија на деловното работење. Во првите години (2009–2014) се гледа умерен раст: просечниот приход се движи од 3.5 до 5.9 милиони евра, додека просечниот профит останува во тесен опсег околу 0.28–0.31 милиони евра. Тоа е фаза на стабилизација со

ограничено зголемување на добивките. Од 2015 наваму, линиите почнуваат да се одвојуваат појасно. Приходот и расходите постепено растат, а просечната добивка почнува да се зголемува надвор од претходниот статичен опсег – од 0.43 милиони евра во 2015, до 0.66 милиони евра во 2018, каде е видлив тренд на подобрување на ефикасноста во работењето. Во 2019 и 2020 растот бележи стагнација но приходот и расходот се искачуваат над 9 милиони евра, додека профитот достигнува 0.73 милиони евра.


Во 2021–2022 просечниот приход по компанија го надминува прагот од 11 до 13 милиони евра, а добивката преминува 0.8 и стигнува до 1 милион евра. Тоа го потврдува скокот во профитабилноста. Конечно, во 2023 и особено во 2024, се бележи најголем напредок. Приходот достигнува 17.1 милиони евра, расходот 15.8 милиони евра, а просечната добивка 1.35 милиони евра. Оваа последна точка е историски врв и покажува дека компаниите не само што генерираат значително повисоки приходи, туку и задржуваат дел од тие приходи како стабилна нето-добивка.

ВРАБОТЕНИ И ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПАРАМЕТРИ ПО ВРАБОТЕН

Еден од клучните предизвици за домашните компании е пронаоѓање на висококвалификуван локален кадар. Всушност, колку е кадарот поквалитетен толку ќе биде и продуктивноста повисока а со тоа и целокупниот перформанс на компаниите и економијата. Генерално, од податоците е забележливо дека ТОП100 компаниите вработуваат значително повеќе лица (372%), доколку се споредат 2009 со 2024-та, но во исто време просечниот приход и профит по вработен бележат раст од 30%. Сепак зголемувањето на бројот на вработени за 372% во период од 15 години е значително позитивно, и трендот на зголемување е проектирано да продолжи и во иднина.



Доколку се анализираат информациите, бројот на вработени во ТОП100 компании прикажува долгорочен раст од 2009 до 2024, со јасни фази на нагорни движења и неколку периоди на застој. Во почетниот период (2009–2012) бројот се искачува од 2,899 на 3,990 лица, што претставува постепено зголемување. Потоа, во 2013–2016, трендот е порамнет – бројот расте побавно и останува во зоната меѓу 4,300 и 5,200 вработени. Забележлив скок има во 2017–2018, кога компаниите зголемуваат кадар од 6,009 на 8,693 лица. Ова е најсилен пораст во анализираниот период и означува трансформациски момент. Во 2019–2020 бројките се движат помеѓу 8,300–9,200, што укажува на стабилизација по наглиот скок. Од 2021 наваму повторно има постепено зголемување – бројот на вработени расте до 9,735 во 2023, а во 2024 достигнува историски максимум од 10,794 лица.




И покрај значително високиот раст на приходот и профитот на ТОП100-те компании, просечните вредности по вработен не го следат истиот тренд. Всушност, како што е забележливо од резултатите, иако се забележува раст на индикаторите, не е забележана значителна промена на перформансот по вработен. Ако се анализира од перспектива на продуктивност на вработен (приход кој е остварен), мал број на години отстапуваат значително од просекот од 121 илјади евра. Всушност во 2024-та споредбено со 2009-та просечниот приход по вработен се зголемил за 30%, иако вкупниот приход на ТОП100 компаниите бележи раст од 493%. Позитивно е што во последните 5 години, од 2020-ва до 2024-та година, просекот има континуиран раст, што потенцијално укажува дека по здравствената криза, компаниите преземале активности кои овозможиле повисок раст на продуктивноста.

Анализирано според периоди, во првите години (2009–2011) се гледа благо намалување: просечниот приход паѓа од 120 на 105 илјади евра, а расходите се движат од 112 кон 98 илјади евра. Просечната добивка е скромна и останува на ниво од 7–8 илјади евра. Од 2012 до 2016 има стабилизација – приходот се движи околу 121–125 илјади евра, расходите околу 114–119 илјади, а профитот во просек е 6–7 илјади евра. Ова е фаза на релативна рамнотежа, без поголеми осцилации. Во 2017–2018 се јавува пад – приходот се намалува на 110 илјади, а потоа на само 86 илјади евра, со истовремен пад на профитот на 6 илјади евра. Ова е најслабата точка во целиот период и укажува на намалена продуктивност. Од 2019 натаму започнува закрепнување. Приходот по вработен повторно расте, прво на 108 илјади евра, а до 2021 достигнува 146 илјади евра. Добивката по вработен во овој период се зголемува на 9–11 илјади евра, што ја покажува новата фаза на засилена ефикасност. Во 2022–2024 линијата продолжува со нагорен тренд. Приходот по вработен расте од 146 на 159 илјади евра, расходите достигнуваат 146 илјади, а просечната добивка ја достигнува највисоката вредност од 13 илјади евра по вработен.

Приходи и профит на ТОП10 Компании

Анализата на резултатите на најголемите 10 компании, ја дефинира концентрацијата финансиите помеѓу ТОП100. Колку што е повисоко учеството на ТОП10 во вкупниот приход и профит, дотолку е поголемо нивното влијание врз целосниот резултат на сите 100 компании. Од податоците во 2024-та, најголемите 10 компании се одговорни за генерирање на 47% од вкупниот приход и 35% од вкупниот профит. Следствено, останатите 90 компании го генерираат останатиот приход од 53% и профит од 65%, што укажува на висока концентрација на финансиска моќ помеѓу првите 10 компании.



Приходите на ТОП10 компании се движат со постојан раст низ целиот период, од 188 милиони евра во 2009 до 805 милиони евра во 2024. Профитот, пак, се задржува на релативно ниско ниво во првата деценија, околу 11–13 милиони евра, за потоа по 2017 да влезе во нов растечки тренд и да достигне 47 милиони евра во 2024.

Учеството на ТОП10 во вкупниот приход на ТОП100 во почетниот дел од серијата (2009) изнесува високи 54%, по што постепено се намалува и се движи околу 38–42% во периодот 2015–2021. Во најновите години учеството повторно расте, за во 2024 да достигне 47%, што покажува дека најголемите компании повторно заземаат поважна улога во вкупните приходи. Кај профитот се забележува поинаков тренд. Учеството на ТОП10 во вкупната добивка на ТОП100 во 2009 изнесува 47%, а потоа следува постепен пад. Во 2024 ова учество е 35%, што укажува дека и покрај растот на апсолутниот профит, останатите 90 компании релативно повеќе придонесуваат во добивката отколку најголемите десет.